# ЗАНАЕТЧИЈА

Година 16, број 126, октомври 2007 година


Традицијата продолжува

## “ЗАНАЕТЧИЈА” - ОГЛЕДАЛО НА ЗАНАЕТЧИИТЕ

Регионалната комора на занаетчиите од Битола е цврсто решена да се избори за подобрување на положбата на занаетчиите и занаетчиството. Како резултат на ваквите стремежи, договорено е и продолжување на издавањето на весникот “ЗАНАЕТЧИЈА”.

“Занаетчија”, кој беше востановен со одлука на Постојаната конфренција на самостојните занаетчии до Битола, започна да излегува во јуни 1976 година.

Податоците зборуваат дека Весник излегуваше секој месец сé до март 1991 година. Според податоците објавени во бројот 125 во таа година биле регистрирани 1.645 занаетчии. Денес, бројот на занаетчиите е многу помал што не значи дека нема да се создадат услови за негово зголемување. Всушност, кон тоа се стреми и Комора на занетчиите, а и локалната самоуправа. Впрочем, степенот на развојот на занаетчиството зборува и за нивото на развојот на вкупната економија како во Општината така и во Републиката.

Продолжувањето на излегувањето на весникот “Занаетчија” е мотивирано од потребата за сестрано информирање на занаетчиите за сите прашања од нивен интерес и за информирање на локалните и државните институции за проблемите на занаетчиството и занаетчиите. Всушност, “Занаетчија” има цел да биде огледало на интересите на сите субјекти од оваа сфера, нивно презентирање пред пошироката јавност. Зашто, занаетчиите секогашимале и имаат што да и презентираат на јавноста. Токму затоа, Редакцијата ги повикува на соработка сите занаетчии, како од Битола, така и од Регионот.

Традицијата продолжува, секако, во заеднички интерес.



*Панорама на Битола*

Занаетчиството во Општината Битола

## ВО ПРОЦЕПОТ НА ТРАНЗИЦИЈАТА

***Општестве-економската преобразба се одрази на положбата на занаетчиството во повеќе насоки**

***Локации има многу, заинтересирани има малку**

Бројот на занаетчиските дуќани и номинално и реално е намален. Очигледно, општествено економската преобразба битно се одрази врз занаетчиските дејности. Едни занаети исчезнаа како резултат на општествено - економскиот развој, односно, како резултат на техничко-технолошките промени, а другите поради промената на реалните потреби на граѓаните.

**Занаетчиството - жртва на транзицијата**

По распаѓањето на социјалистичкиот општествено-политички и економ-ски систем кој се совпаѓа и со осамостојувањето на Република Македонија, започна долг, речиси,бесконечен , процес на таканаречената транзиција, т.е. преод од еден во друг систем. Големите претпријатија, чест на исклучоците, свесно, но ирационално, беа уништени во име на “приватизацијата” која денденес не е довршена. Огромен број работници останаа без работа, без плати, присилени на безделничење и живуркање. Со нивното исфрлање на улица не се намалија ни обемот ниту нивните потреби: се сведоа на минимум условите за нивно задоволување. Малото стопанство кое беше нудено како алтернативен модел на економскиот развој не ги даде очекувањата на планерите, меѓу другото, и поради тоа што го немаше “големо” стопанство. Што го очекуваше во вакви услови занаетчиството?

**Прилагодување на новонастанатите услови**

На занаетчиите чиј број беше во постојано намалување беа присилени да се прилагодуваат на новонастанатите услови или да ги затворат кепенците.

Старата Чаршија започна да го менува изгледот: многу занаетчиски дуќани се претворија во трговски дуќани, а одделни занаети престанаа да постојат.

(Продолжува на 2 стр.)


СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

**Занаетчиството во Општината Битола**

# ВО ПРОЦЕПОТ НА ТРАНЗИЦИЈАТА

(Продолжение од 1 страница)

Значајно е да се напомене дека наместо производители на чевли, коишто, од време на време и поправаа чевли, започнаа да се јавуваат исклучително крпачи на чевли. Логично: ако немате пари за нови, морате да ги крпите старите. Покрај крпачите на чевли живнаа и сервисерите за апарти на домаќинството (шпорети, машини за перење на алишта, машини за миење на садови, за поправка на радио-телевизиски приемници...). Фактот што е намалена куповната моќ на граѓаните зборува во прилог на зголемувањето на потребите од поправка на дотраените апарати за домаќинството.

Што се однесува до крпачите на чевли треба да се истакне дека "кинеските стандарди" на обувки стануваат нивна жестока конкуренција. Ако можете да купите кинески чевли за 600-700 денари, зошто би ги крпеле старите? Но, тука, сепак, граѓаните се пред една дилема, зашто, искуството покажува дека, често, крпените траат повеќе од новите кинески чевли.

**Без оглед на сé, граѓаните одат на стрижење**

Од традиционалните занаети, може да се каже дека нема некое почувствително намалување кај берберите, а за фризерите да не зборуваме: нивниот број е зголемен. Тоа е и очекувано, зашто по онаа народната: додека има луѓе за стрижење - ќе има и соодветни занаети! Очигледно, наспроти осé, граѓаните сакаат да изгледаат убаво. Тоа значи дека наспроти осиромашувањето, граѓаните не го изгубиле духот и чувството на убавина.

**Намалување поради статусни промени**

Generalno konstatacijata za namaluvaweto za brojot na zanaetite i na zanaet~iite e realna. No, sepak, treba da se ima predvid deka dosta porane{ni zanaet~ii koi bea zapi{ani vo registarot na Komorata na zanaet~iite migriraa i poradi statusnite promeni pove}e ne se vo toj registar.

-Dosta zanet~ii se registriraa spored Zakonot za trgovski dru{tva, iako i Zakonot za izmeni i dopolnuvawe na Zakonot za vr{ewe na zanaet~iska dejnost (Sl. v. na R.M. br.62/2004 god.) za mnogu od niv ne pretstavuva ograni~uva~ka ramka. Naprotiv, novoregistriranite zanaet~ii se oslobodeni od personalen danok vo prvite tri godini. No, hendikep pretstavuva i faktot {to nasproti postoeweto na Zakon za stru~no obrazovanie, poradi nedonesuvaweto na podzakonskite akti, se u{te ne e re{en statusot u~enicite. Evidentno e i izumoraweto na brojni zanaeti, a dr`avata nema soodvetni merki za nivno odr`uvawe, -veli pretsedatelot na Regionalnata komora \or|i Ko~ovski.

**Локации за занатчиите има доволно**

Кога се зборува за состојбата на занаетчиството не може да се занемари ни улогата на локалната самоуправа. Имено, според членот 8 од Законот за измени дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл. в. на Р.М. бр.62/2004 год.) "Деловите на населените места во кои можат да се вршат одделни занаетчиски дејности се определуваат со урбанистичкиот план. Советот на Општината, односно Советот на градот Скопје го определува работното време на занаетчиските дејности во зависност од месните обичаи и потреби". Локалната самоуправа во Деталниот урбанистички план на занаетчиите им нуди голем избор на локации. На пример, во месноста Довлеџик, зад Ремо, предвидени се локации за: часовничари, чевлари, бербери, цвеќари, кројачи, сервисери за апарати за домаќинството и за хемиско чистење.

На левата и десната страна на патот за Пелистер, над ладилникот и над "Капри", предвидени се локации за: автомеханичраски сервиси, браварски, лимарски и дограмаџиски работилници. Исто така, овде се предвидени локации за цвеќарници и сендвичари.

Заинтересираните можат да изнајмат или да купат простории и во трговскиот комплекс над Хотелот "Битола", -вели Трајан Котевски, советник во Одделението за локален економски развој на Општината Битола.

Таква е фактичката состојба во областа на занаетчиството. За нејзино подобрување во иднина неопходно е многу поголемо ангажирање на сите занаетчиии организирани во Регионалната комора на занаетчии.



*Ѓорѓи Кочовски*



*Трајан Котевски*

стрежево

**"ЕЛЕКТРОЛУКС", производство, сервис, инжењеринг, увоз-извоз**

# ШИРОК АСОРТИМАН НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

***Динамичен развој: од сервисни услуги на апарати за домаќинството до производство на електрични грејачи и гумени производи**

***Соработка и застапништo на голем број реномирани странски фирми**

Битолската фирма "Електролукс" Успешно ги помина сите фази на општествено-екононските промени во нашата земја. Во изминатите две и половина децении, не само што ги амортизира сите негативни влијанија на промените низ кои се уште поминуваме, туку, успеа да обезбеди и, релативно, динамичен развој.

**Од сервисер до производител на широк асортиман на производи**

"Електролукс", производство, сервис, инжењеринг, увоз-извоз сега е фирма со реноме во земјата и во странство. Како го постигна тоа?

-Ако човек има солидни познавања од дејностите со коишто се занимава, а уште повеќе, ако ги следи и ги применува иновациите во неговите дејности има големи шанси да успее. Јас започнав како сервисер во приватната фрима "Д-р Рајс", а потоа ја формирав мојата фирма "Електролукс". Логично, во почетокот, се занимавав со сервисни услуги на апарати за домаќинството услуги од електрика, електроника и механика. Од 1995 година електрични грејачи и гумени производи. Слободно можам да кажам дека 70% од потребите за електрични грејачи и гумени производи на македонскиот пазар ги задоволува мојата фирма. На пазарот сме присутни и со соодветен асортиман на електрични и гумени елементи, како и со инокосни производи, - вели меназерот на "Електролукс" Димче Палензо.

"Електролукс" на својата палета на произвбоди и услуги дава гаранција од една година. Очигледно, тоа значи дека производите и услугите ги задоволуваат сите пропишани стандарди за квалитет во оваа област.

**"Електролукс", покрај во Битола, присутна е и во Скопје**

Зголемувањето на асортиманот на услугите и производите, логично, ја наметна потребата и од присуство во други градови од земјата. Покрај сервисот и фабриката во Битола, "Електролукс" има продавница и сервис во Скопје.

- Ако го зголемувате асортиманот на услугите и производите мора да размислувате и за присуството во други градови. Но, тоа не е доволно: мора да ја шитирите и мрежата на соработници. Јас соработувам со бројни фирми од Балканот и ЕУ (Турција, Србија, Косово, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Грција и други земји). Врочем, јас сум и увозник на репроматеријали (термолементи, склопки, автоматика, прекинувачи, силиконска жица, специјални грејачи, керамика за високи температури, електро-магнетни вентили, крајни



*Димче Палензо*
*Менаџер на "Електролукс"*

приклочоци за кабли, фастон клеми, резрвни делови за апарати за домаќинството) од познати странски фирми, упатен сум и на соработка со нив, -вели Палензо.

**Успешен и на повеќе други полиња**

Кога станува збор за бизнисменот Димче Палензо не може да не се споменат и неговите успеси на полето на маркетингот.

-Јас со маркетинг се занимавам од 1990 година. Ги имам изработено веб-страницата на Републичката комора на занаетчиите, на Регионалната комора на занаетчиите во Битола, како и компелтниот маркетиг на Сојузот за боди билдинаг на општинско и национално ниво. Сосема логично, ја имам изработено и веб страницата на мојата фирма "Електролукс". И кога ја споменувам оваа веб-страница, сакам да ви кажам дека, според посетеноста на ГУГЛ и ЈАХУ, јас сум на прво место од анализираните 2.200 слични страници. Само за нецел месец октомври мојата веб страница има 543 посети. На овој начин јас сум присутен во целиот свет и комуницирам со огромен број фирми, - вели Палензо.

Димче Палензо со својата фирма "Електролукс", започнувајќи од 1995 година постојано е присутен на саемите од неговите дејности кои се одржуваат во Република Македонија, во Албанија и на Косово. Очигледно, тој не само што ја има сфатено суштината на маркетингот, туку и го практикува на најсоодветен начин. На моето прашање дали им доволно пласман за неговите производи и услуги, кратко ми одговори: Ние работиме авансно. Во Битола и во Скопје, во "Електролукс" се вработени десет работници.




*"Електролукс" учествува на многу саеми во земјата и во странство: Презентација на производи на годинешниот саем "Технома" во Скопје*

Зоран Босилковски фризер стилист

# ВЉУБЕНИК ВО ЗАНАЕТОТ

## *Фризерскиот салон "Јуник" кретаор и на екстравагантни фризури

Во срцето на Старата чаршија се наоѓа Фризерскиот салон "ЈУНИК" на Зоран Босилковски. Во овој салон ќе сретнете клиенти од сите генерации, но, доминираат, секако, младите. "Јуник" привлекува уште со својата надворешност, која, доколку убаво ја загледате ќе ви ја навести и внатрешноста, содржината и атмосферата на амбиентот.

Босилковски, според образованието требаше да биде на некое друго работно место зашто има завршено средно училиште и се стекнал со звањето Интегрален техничар за внатрешен транспорт. Но, иако завршува ваков вид образование, ни на крајот на паметот не му паѓало да работи нешто такво.

**Занаетот е дар од Бога**

-Јас сум сирак од 1,5 година, а тоа само по себе зборува како сум го минувал детството. Но, секогаш сонував да бидам човек кој постојано ќе биде во комуникација со луѓето, со нивните потреби за естетика и убавина. Сепак, во раните години имам работено повеќе работи, но, со една цел: да обезбедам услови за да можам да се посветам на фризерскиот занает. Зашто уште од малечок сакав да се занимавам со овој занает. Конечно, од 2000 година започнав да го остварувам својот сон, да се занимавам со фризерскиот занает. Извесно искуство стекнав кога бев во војска, но главно, сум самоук. Јас сметам дека занаетот е, всушност, дар од Бога. Ако за тоа



*Фризури по вкус на младите*

немате дар, вие можете да учите колку што сакате, ама нема да постинете максимум во својот занает, - вели Босилковски.

Зоран има положено мајсторски испит пред комисија во Комората на занаетчиите. Уште на самиот испит остава впечаток дека станува збор за момче со исклучителна дарба за фризерскиот занает.

**Фризер - стилист**

-Јас не сум обичен, стандарден туку фризер стилист. Јас сакам да експериментирам и тоа го правам успешно. Еве, гледајте ги овие фотографии и сами ќе видите за какви



*Босилковски во својот фризерски салон*

видови фризури се работи. Тоа не го работи секој. Јас преку разни списанија ги следам модните трендови во мојот занает и затоа имам голема клиентела, главно, млади луѓе кои сакаат да изгледаат убаво и екстравагантно. Јас имам редовна клиентела, но морам да нагласам дека во лето имам многу повеќе клиенти, а тоа значи дека кај мене доаѓаат луѓе кои живеат во странство и ги следат модните трендови во однос на фризурите. Таму има поголема толеранција и слобода во уредувањето на фризурите, било за девојките било за момчињата. Работам квалитетно и брзо, стил кој одговара на младешкиот темперамент на моите клиенти, -вели Зоран.

Во Битола се повеќе расте бројот на фризерите и берберите. Моментно има 150-200 фризери, односно бербери. Работа има за сите зашто градот не е мал. Исто така во Битола има и многу студенти од другите градови, а младите, се знае, држат до своите фризури и редовно ги користат фризерските услуги.

**Законот го ограничува развојот на занаетчиството**

Во фризерскиот салон на а за потценување. Напротив, тие се мошне сензибилна клиентела.

Зоран Босилковски до неодамна услужуваше, главно, само мажи. Но, со текот на времето започна да нуди услуги и за дами. Очигледно, дамите никогаш не биле клиентела за потценување. Напротив, тие се мошне сензибилна клиентела.

-Моментно имам ученичка која работи под мое менторство. Таа го учи занаетот, а јас со нејзиното ангажирање започнав да пружам фризерски услуги и за дами. Тие се секогаш почитувана клиентела.Таа, практично, кај мене го изучува занаетот, за неа тоа е школување и оспособување. Но, тука има еден проблем кој нема врска само фризерскиот занает. Имено, законските прописи повеќе не го признаваат статус на ученик практикант, туку наложуваат лицето да биде вработено. Тоа не е лоично и го сопира развојот на занаетчиството. Затоа, ние преку Регионалната занаетчиска комора мора да издејствуваме промена на таа законска норма. Тоа не е во интерес ниту на мајсторите, ниту на учениците, -вели Босилковски.

**ФОТОГРАФСКО СТУДИО**

**"РЕФЛЕКС"**

**Ул. "Мите Богоевски" бр. 2, Битола**
**(кај Саат Кулата, до "Астра")**
**Тел. 232-654 (дома),**
**233-949 (на работа)**

# НАЈОПРЕМЕН АВТОСЕРВИС ВО РЕГИОНОТ

***Новите генерации автомобили го разбираат јазикот,главно, на компјутерите и затоа без комјутерска дијагностика повеќе не може да се работи**

***Заради сопствената безбедност возачите треба двапати годишно да ги контролираат возилата**

Бројот на автомобили од година во година се повеќе се зголемува. Но, тоа не значи дека има повеќе работа за “традиционалните” автомеханичари. Новите генерации автомобили бараат прецизна, комјутерска дијагностика. Токму затоа, дилеми нема: или сообразување со техничко-технолошките иновациите во автомобилската индустрија, или останување без доволно работа. Еден од автосервисите кои меѓу првите го фати чекорот со новонастаната ситуација е Автосервисот “Сигурност” кој е формиран уште во 1974 година. Неговиот основач и сопственик Пеце Трајановски, по завршувањето на средното техничко училиште машинска насока се вработува во “Херој Тоза Драговиќ” во Охрид, како одржувач на машини-алатки. Но, не останува долго во Охрид.

**Љубовта кон занаетот пресудна за формирање на автосервисот**

Одлуката на за напуштање на Охрид и враќањето во Битола, секако, беше пресвртна. Зашто, да се напушти, за тоа време, сигурна работа и да се експериментира со автосервисот значи да се се има голема желба за самопотврдување.

-Во тоа време, главно, и тоа во мал број, доминираа возилата произведени во “Застава”. Токму затоа, во почетокот се занимавав со браварски работи и со одржување на земјоделска механизација. Исклучиво како авросервисер започнав дури во 1976 година. Полека започнав да се опремувам и целосно да се посветувам на одржувањето автомобили. Некогаш, главната дејност, сега ми е сосема споредна и по исклучок вршам некои од поранешните работи, - вели Пеце.

Со текот на годините Трајановски сфаќа дека опремувањето на автосервисот е многу значајно и, напоредно со личното усовршување, плански ја развива својата дејност.

**Овластен сервис за возила на KIA, SUBARU и DAIHATSU**

Од 1995 година автосервисот “Сигурност” е овластен за одржување на возилата произведени од KIA, SUBARU и DAIHATSU. Но, тоа не значи дека не врши услуги за возила и од руги производители.

-Автосервисот “Сигурност” е опремен со извонредно квалитетен алат и најсовремена апаратура за компјутерска дијагностика за сите возила. Слободно можам да кажам дека мојот сервис е најопремен во регионот.Нема возило кое во нашиот сервис не може да биде поправено. Ни е вршиме дијагностика на сите моторни возија, ги вршиме сите поправки на моторите, штелуваме предници и заменуваме предни елементи. Заедно со мене работи и синот Дејан кој работи на електронската дијагностика и уште еден работник специјализиран во механиката. Возилата од новите генерации го разбираат само јазикот на компјутерите. Меѓутоа и компјутерот е машина која е програмирана од човек. Навистина не може без компјутер, но, исто така не може и без мајсторката умешност, -вели Трајановски.




*Пеце Трајановски во својот автосервис*

**Со одговорна и чесна работа може да се заработи**

Од година на година бројот на модерните возила се зголемува. Тоа ја налага потребата од нивно умешно и одговорно одржување.

-Во Битола има десетина автосервиси, но, има и сервисери што работат на “диво”. Кому ќе му доверат одржувањето на возилата зависи од самите сопственици. Но и кој да интервенира на возилото треба тоа да го прави чесно и одговорно зашто се работи за безбедноста не само на возачите, туку и на пешаците. Заради безбедност во сообраќајот јас препорачувам две контроли во текот на годината, посебно на предниот трап. На сите им советувам умерено и внимателно да возат не заради самите возила, туку заради нив и заради другите околу нив, -вели Трајановски.

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
водовод
БИТОЛА

# РЕГИСТАР НА ЗАНАЕТЧИИ

Законот за измени и дополнување на Законот за вршење на занетчиската дејност, објавен во Службен весник РМ бр.62 од ...2004 година прецизно ги дефинира сите аспекти на занаетчиската дејност. Со цел вршителите на оваа дејност да бидат изворно информирани, започнуваме да носиме изводи од Законот.

**ЧЛен 1**

Со законот се уредуваат условите и начинот на вршење на занаетчиската дејност и здружувањето на занетчиите.

**Член 2**

Занаетчиска дејност може да врши физичко лице кое е запишано во Регистерот на занаетчии (натаму занаетчија)

Занаетчиска дејност можат да вршат трговец поединец и трговско друштво (во натамошниот текст вршител на занаетчиска дејност) под услови и на начин утврдени со ЗТД и овој закон.

**Член 3**

Занаетчијата за своите обврски одговара со целиот свој имот.

**Член 4**

Занаетчиската дејност, во смисла на овој закон, е занаетчиско производство, занаетчиски услуги, уметничко занаетчиство и домашно ракотворење.

Занаетчиското производство е изработка и производство на производи, претежно по нарачки, во мали серии, кое нема карактеристика на индустриско производство.

Занаетчиските услуги се поправки и одржување на производите, уредите и објектите, како и вршење на лични услуги.

Уметничкото занаетчиство е изработка и обработка на уметнички предмети од разни материјали и нивно обликување, при што доаѓа до израз вештината на производителот.

Домашното ракотворење е изрябока на одделни производи што занаетчијата ги изработува во својот дом.

Занаетчиска дејност, во смисла на овој закон, е и вршење на дејност во бурекџилници и слаткарници, освен оние кои се вршат како трговска дејност согласно со ЗТД.

**Член 5**

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност во седиштето каде што ја вршат занаетчиската дејност, мора да имаат простории за работа, во зависност од видот и начинот на вршење на дејноста.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност не можат да ја вршат дејноста надвор од просториите за работа за оние занаетчиски дејности кои задолжително се вршат во простории.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност можат занаетчиската дејност или одделни работи од таа дејност да ги вршат надвор од просториите, како и надвор од своето седиште во зависнот од видот и начинот на вршење на занаетчиската дејност или ако е така договорено со нарачателот услугата.

Занаетчиските дејности кои треба задолжително да се вршат во просториите ќе ги определи министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите на занаетчиството.

**Член 6**

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност се должни да обезбедат, просториите во кои ја вршат дејноста да ги исполнуваат пропишаните минимални технички услови.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ги пропишува минималните технички услови од ставот 1 на овој член.

**Член 7**

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност се должни исполнувањето на условите од членот 6 на овој закон да го пријават на Државниот пазарен инспекторат, на денот на отпочнување со вршење на дејноста, на образец чија форма и содржина ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

**Член 8**

Деловите на населените места во кои можат да се вршат одделни занаетчиски дејности се определуваат со урбанистичкиот план.

Совето на општината, осносно Советот на градот Скопје го определува работното време на занаетчиските дејности во зависност од месните обичаи и потреби.

**Член 9**

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност согласно со овој закон можат да вршат:

-една илин повеќе сродни занаетчиски дејности и

-промет на своите производи.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност можат при вршењето на дејноста да вршат продџба и на други производи кои служат на неговиот производ.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност можат своите производи да ги продаваат во просториите во кои ја вршат дејноста или на места определени за таа намена од советот на Општината или Советот на град Скопје.

(Продолжува во идниот број)

**Од работата на Регионална комора на занаетчиите**

## МНОГУ ЗАНАЕТЧИИ НЕПРЕРЕГИСТРИРАНИ

**-Се бара продолжување на рокот или измена на законот**

Вера Крстановска работи во Комората од 1976 година. Таа е сведок на многу промени во разовојот на занаетчиството.

- Кога се вработив јас започнуваше усогласувањето на статусот на занаетчиите со законските прописи кои се донесуваа за оваа област од стопанството. Тоа беа прописи кои ги регулираа прашањата од областа на даночната политика, пензиското и здравственото осигурување, при што дојде до раздвојување на давачките. Дотогашимаше занаетчии кои давачките ги плаќаа паушално и по стварен доход. За дефицитарните занаети имаше целосно ослободување од данок и 50% од киријата (за кујунџите, пушкари, влачари, бојаџии и сл.). Ваквите бенефиции беа во сила до 1993 година. Сега има ослободување само од персонален данок за занаетчии почетници во траење од три години, - вели Крстановска.



Како се менуваа општествено-економските услови, така се менуваа и условите за работа на занаетчиите. Токму затоа драстично варираше и бројот на занаетчиите. Во 1976 година имаше околу 1.650 регистрирани занаетчии, а сега има околу 250 занаетчии.

-Моментно како проблем за занетчиите се појавува пропуштеното пререгистрирање на занетчиите. затоа бараат продолжување на рокот за регистрација или измена на Законот. Инаку, за запишување во Регистарот на Комората на занаетчиите потребни се: доказ за стручна подготовка, потврда од Агенцијата за вработување дека барателот не е вработен и 6.200 денари. Инаку, сите административни работи се вршат кај нас, -вели Крстановска.

**Томислав Деребанов по патот на своите претци**

# ТРИВЕКОВНА КУЈУНЏИСКА ТРАДИЦИЈА

**-Додека претците успешно го негуваа кујунџиството околу три века, потомците се пред диле: што натаму со Самостојниот занаетчиски дуќан “Филигран”?**

Лозата Деребанови, според документите со кујунџиство се занимава од пред 220 гоини, а според кажувањата од пред повеќе од 300 години. Со кујунџиство започнал да се занива некој чукундедо на Томислав.

**Струга, Подградец, Корча - Битола**

-Дедоми Александар е роден во Струга во 1877 година и бил учител селото Лева Река. Неговиот брат Јаким бил Учител во Крушево. Тој бил активист на ВМРО и бил прогонуван од српскиот режим, па морал во 1919 година да пребега во Албанија. Бабами



*Томислав Деребанов во неговит дуќан Филигран*

долго време не ја пуштале да оди во Албанија, па морала да остане во Струга. Но, некако успеала да се пресели и таа, па татко ми е роден во Подградец. Како овде, така и во Корча имал кујунџиски дуќан. Александар од Албанија се враќа во 1931 година, но, не во Струга туку во Битола. По дедо ми кујунџискиот занает го продолжува татко ми Никола. Тој работеше од 6 до 74 години на овој занает, - вели Томислав Деребанов.

Со смртта на Никола Деребанов во 1999 година, не умира и кујунџиството кај Деребанови. На овој занает му се посветува синот Томислав, инаку машински инжењер.

**Од десетина само уште еден кујунџиску дуќан во Битола**

- Уште како млад често навраќав во дуќанот на татко ми и постано навлегував во тајните на кујунџиството. Но, по завршувањето на машинскиот факултет јас во 1988 година формирав приватна фирма. Во почетокот работев на шприцани производи од пластика (кутивчиња за накит, чаши, лажички, делови за фрижидерите на Фринко). Но, во 1999 година се посветив на кујунџиството. Порано имаше десетина, а сега сме регистрирани само ние, - вели Томислав.

Овој факт зборува за постапното изумирање и на овој занает, а државата, која некогашдаваше низа олеснувања за ретките занаети, сега не сака да го прави тоа. Токму затоа, еден по еден занаетите заминуваат во историјата, иако некои од нив со разни олеснувања можат да опстануваат и да претставуваат атракција. Изумирањето на овој занает е поттиканто и од индустриското производство на накит, па така се форсира трговијата, наместо креацијата.

**Ако плаќавме кирија дуќанот ќе беше затворен**

- Моментно е многу тешко. Малку повеќе работа има во лето кога доаѓаат нашите иселеници кои се уште имаат носталгија по накит изработен од мајстор. Татко ми прв во Македонија започна полумашинско производство на златен накит. Ние заради традицијата се уште не го затвораме дуќанот. Олеснителна околност, во некоја рака, е што дуќанот е наш и не плаќаме кирија. Инаку досега ќе затворевме. Заради намалување на давачките од нова година ќе ја одјавам жена ми Аница која е дипломиран економист. По крај мене и мојата сопруга го поднаучи занаетот, но, ете наспроти се не одат работите. Посебно е тешко во зимскиот период кога раздвиженоста на луѓето е намалена и уште повеќе кога нема странци низ чаршијата, -вели Томислав.

## И МЕНУВАЧНИЦИТЕ ПРОДАВААТ НАКИТ!

*Неверојатно, но вистинито: во Охрид нема ниту еден кујунџиски дуќан. Во битола, покрај трговците со накит, на пазарот се појавуваат и менувачниците како продавачи на златен накит.*

*Од каде, пак тие со накит?*

*Одговорот е едноставен: многу луѓе поради сиромаштијата го заложуваат или продаваат накитот, а менувачите мора, потоа, да го опаричат*

ЗАНАЕТЧИЈА

Бесплатен месечен весник

Издавач: Регионална комора на занаетчии - Битола, ул. “Панда Чеснова” 4
В.д. Главен и одговорен уредник: Кирил Добрушевски
Компјутерска обработка: Владимир Патче
Печати: АД “Киро Дандаро” Битола

**Современите копаничари успешно ја продолжуват традицијата на славните мајстори**

# КОПАНИЧАРСТВОТО ТВОРЕЧКА ПРЕОКУПАЦИЈА

**-Моја творечка преокупација е продолжување делото на копаничарите на Македонија кои се прославија во светот**

Копаничарството во Македонија е мошне развиено. Голем број вљубеници се имаат посветено на овој занает и во нашиот град, но успеваат само оние најталентираните. Еден од позабележливите битолски копаничари е и Јане Крстески кој е роден во 1979 г. во Битола, каде завршува основно и средно образование. Со длетата и токмакот другарува и работи од раните детски години, а самостојно започнува да создава уште како ученик во седмо одделение.

-Уште како средношколец активно учествував на сите реализирани изложби на Здружението на копаничарите на Македонија во земјата и странство. Досега имам учествувано на вкупно 42 изложби и на повеќе колонии. Со татко ми, преку ателјето МАКЕ, јас учествував на 8 самостојни изложби. Со повеќе мои трудови од областа на копаничарството бев застапен во повеќето изданија на списанието “Копаничар”, во кое сум и член на редакцискиот одбор, - вели Јане.

**Агроном по образование творец по вокација**

За Јане Крстески човек би рекол дрека се има школувано на некој факултет за копаничарство. Но, неговото образование е поинакво. Тој во 2004 година дипломира на Земјоделскиот факултет во Скопје. Но, додека се школувал во Скопје многу често ја посетувал црквата “Св. Спас” и, гледајќи го врвното дело на прочуениот копаничар Гарката, ги усовршувал своите техниките и потезите во копаничарството. Поради својата очигледна надареност за копаничарство, не случајно, тој на Земјоделскиот факултетот 2 години им бил демонстратор по предметот резбарство на студентите од трета година.

-Во почетокот секојдневно помагав, а сега работам во ателјето “Маке” во Битола заедно со татко ми Злате и сестра ми Ленче. Јас бев ангажиран како инструктор во



*Јане Крстески*

изведбата на курсот за копаничарство за хендикепирани лица во Битола во 2001 година, курсот во Маловишта во 2002 год. и курсот за копаничарство организиран од страна на ЗУР Македонски ракотворби Битола во 2006 година, -истакнува Јане.



*Јане Крстески*

Заедно со својот татко Злате во 2001 година го издаваат првиот македонски учебник за копаничарство “Тајните во копаничарството”. Во септември 2007 год. учествува како инструктор на меѓународна работилница за копаничарство во Солун, во рамките на меѓудржавна соработка на полето на културата и уметноста. Негов најголем придонес и работа е правењето на нацртите за резба од иконостасите, на кои истиот работи со својот татко и други копаничари. Мотивите и сцените ги црпи од иконостасите во старите цркви и манастири, а најмногу од Библијата. Во неговите дела во Дебарско-Охридска резба најчесто се застапени елементи флората и фауната испреплетени со барокни елементи. Многу често низ преплетите на резбата користи и мотиви од библиските сцени. Во Слепченско-Прилепската резба исто така работи, создава нови композиции на плетеници и преплети со геометриски форми кои ги користи при изработка на иконостасите.

**Копаничар кој остава траги во голем број храмови**

-Мои достигнувања на полето на копаничарското творештво се иконостасите во манастирите “Св. Петка” во с. Цапари, “Св. Јован Богослов” во с. Слепче, “Св. Никола” во с. Бабино, “Св. Илија” во с. Драгош, “Успение на Пресвета Богородица” с. Суводол, “Св. Преображение Господово”- Кајмакчалан и во црквите “Св. Никола” во с. Годивје, “Св. Никола” во Крушево, Покров на Пресвета Богородица” во с. Мралино, Скопско, “Св. Јован Богослов” Битола и “Св. Јован Крстител”, Џилонг, Австралија во изработка. Добар дел мои дела се наоѓаат во разни земји од светот. Копаничарството за мене е вистинска страст, -вели Јане.

КИРО ДАНДАРО